ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

# Наративен Извештај

# Центар за Истражување и Анализи

# НОВУС- Струмица

# За 2024 година

# Содржина

**Центар за Истражување и Анализи**......1
**НОВУС- Струмица** ......1
**За 2024 година** ......1
1. Промовирање на политичко учество и граѓански ангажман во изборните и политичките процеси ......3
2. Создаваме инфраструктура за здружени и дарежливи заедници......5
**Реализирани активности и настани кои ги спроведовме се:**......5
3. Информирана Локална Заедница : Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандари......6
4. Зајакни ГО- Резилентни и инклузивни патеки за социјално претприемништво за младите преку градење капацитети на локални граѓански организации во Северна Македонија......8
5. Циклус на Грижа: Поддршка за Женското Здравје" ......10
6. Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Северна Македонија......11
7. Идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза ......12
8. Зголемување вештини: Поврзување на младите со можностите!......14
9. Зајакнување на младите преку нови можности 2 ......16
10. НОВУС - Регионална канцеларија на националниот младиснки совет на Македонија Скопје (НМСМ) Спроведе повеќе програми од кои : ......18
I. Имплементација на мерките од Младинска Гаранција 2024 ......18
II. Женска креативна моќ ......19
III. „Разбивање на бариерите: Зајакнување на женското лидерство”......20
11. Зајакнување на младите и младинските совети во Струмица и Босилово ......21
12. „Градиме нови мостови“ - Младински меѓукултурен уметнички фонд„ - Поттикнување на меѓуетнички мостови“......23
13. Локална канцеларија на Младински образовен форум ......24
14. Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“ – EduFinHub ......25
15. Млади - агенти на промената – Youth – Agents of Change ......26
16. Промовирање на инклузија и толеранција преку меѓуверска соработка во Западен Балкан 27
17. Партнерски Erasmus+ проекти и одбележување на Еразмус денови 2024......28
18. Youth HUB - Erasmus+ КА3 ......30
19. Струмица YOUth Festival ......31

# 1. Промовирање на политичко учество и граѓански ангажман во изборните и политичките процеси

Проект во времетраење од 13 месеци (01.01.2024 – 31.01.2025 ) финансиски поддржан од Национаниот фонд за демократија (NED). Целта на проектот беше да се поттикне граѓанскиот ангажман пред претседателските и парламентарните избори во Северна Македонија, да се зајакне демократијата во Северна Македонија преку фокусирање на политичкото образование и обуки, регистрација на гласачите и едукација за нивните права, со посебен акцент на младите гласачи и нивното активно вклучување во демократскиот процес.

Преку спроведени кампањи, промоцијата на алатката „Изборен навигатор“ и академиите за младински ангажман, проектот значително го подобри политичкото знаење и вештините на граѓаните, овозможувајќи им да ги анализираат политичките кандидати и партии и да се вклучат во напорите за застапување. Проектот беше реализиран во две фази:

Предизборна фаза која вклучи кампања за едукација на гласачите, како и промоција на алатката „Изборен навигатор“, која овозможи подобро усогласување на интересите на граѓаните со расположливите политички опции и

Постизборната фаза која беше посветена на организирање академии и програми за младински ангажман, кои им овозможија на младите, вклучително и оние од политичките партии, да развијат лидерски вештини, да учествуваат во форуми и да се вмрежуваат со цел зајакнување на нивните застапнички напори

Со решавањето на овие приоритети, овој проект придонесе за поодговорен и поинклузивен политички систем во Северна Македонија. Главните региони со кои функционираше овој проект се четири од осум плански региони во Северна Македонија, Југоисточниот, Североисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот регион.

**Реализирани активности и настани кои ги спроведовме се:**

- Кампањи за едукација на гласачите.
- Креирање и промоција на онлајн алатката **Изборен Навигатор** која им овозможи на гласачите да ги споредат своите позиции со позициите на партиите кои учествуваат на парламентарни и претседателски избори.
- Кампања и работа на терен со по **2** оперативци во секој регион – **Југоисточниот, Североисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот регион** кои ја промовираа алатката Изборен Навигатор.

- Одржување на постизборен форум со фокус на подобрување на кампањата за младите гласачи и изборниот процес. учесниците – претставници од граѓанскиот сектор, младински организации, изборни експерти и институции ги анализираа искуства и идентификуваа конкретни препораки за унапредување на изборното учество.

- Организирање на **Академија** за Политичко образование во **два модули:**

- Првиот модул кој ќе се одржи од **20-22-ри** Септември 2024 во Дојран и вториот модул кој ќе се одржи од **4-ти до 6-ти** Октомври 2024 во Пелистер, Битола.
- Одржување на Хакатон на Политики
- Одржување на завршен настан во Парламентарниот институт при Собранието на Република Северна Македонија каде се презентираа policy briefs на учесниците.
- Свечено доделување на сертификати на учесниците на Академијата.

**Постигнувања:**

- Прашалникот на платформата го одговорија вкупно **10.916** испитаници, кои утврдија која политичка партија е најблиску до нивните верувања и афинитети.

- Зголемена излезност на гласачите односно **861,218** во споредба од минатите претседателски избори во 2019 каде бројот на гласачи изнесувал **755,816**.

- **35** Сертифицирани млади лица во областа на политичката наука.

- Изработени **2 извештаи** со сумирани податоци за Парламентарните и Претседателските избори, објавени на 3 јазика: Македонски, Албански и Англиски јазик.

- Објавен **1 Полиси Бриф** за Зголемување на учеството на младите во политиките преку измена во Изборниот законик, преведен и на англиски јазик.

## 2. Создаваме инфраструктура за здружени и дарежливи заедници.

Во рамките на овој проект ЦИА НОВУС делуваше како Локално Акциско јадро на Здружението КОНЕКТ, Скопје, а е финансиски поддржан од УСАИД. Проектот во времетраење од 12 месеци (01.01.2024 – 24.01.2025) имаше за цел: Да ги зголеми капацитетите на локалните актери за да ги активираат и вклучат граѓаните и другите релевантни чинители, и да воспостават соработка со цел да ги искористат локалните можности за финансирање, да го зголеми бројот на локалните партнерства помеѓу локалните чинители, да го зајакне ангажманот на граѓаните на локално ниво, да воспостави локален развој во избраните заедници. Исто така имаше и за цел да го зголеми ангажманот на локалните актери во идентификувањето и приоритизацијата на предизвиците/проблемите, како и можностите на заедницата во областите на: загадувањето, јавното здравје, недостатокот на можностите за работа,миграција, обезбедување социјални услуги, локален економски развој итн. ). Да се подобри мобилизацијата на локалните актери и ресурси за дизајнирање и спроведување локални решенија за решавање на проблемите на заедницата и искористувањето на можностите за развој.

**Реализирани активности и настани кои ги спроведовме се:**

- Одржани **2** лидерски средби на кои се адресираа најприоритетните проблеми во заедницата, на која присуствуваа вкупно **38** луѓе.
- Одржани **2** промотивни настани по Средните училишта и **2** промоции на отворено за КОМУНИТИ алатката, со која се опфати публика од **230** луѓе.
- Присуствуваме на повеќе од **5** обуки за мобилизирање на ресурси.
- **1** Студиска посета на локални фондации во Романија.
- Одржан **1** Донаторски кружок настан на кој се собраа вкупно **206.270,00** денари за поддршка на **3** Инијацитиви на **3** различни организации. На настанот имаше над **60** луѓе, од бизнис секторот, граѓанскиот и општината и индивидуалци.
- Дизајнирање и доставување на **60** персонализирани Благодарници.
- Социјални кампањи за промоција, гостувања на Национална Телевизија и гостувања во Локални медиуми, и беше опфатена публика со над **350.000** луѓе.

## 3. Информирана Локална Заедница : Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандари

Проектот со времетраење од 12 месеци (01.02.2024 – 31.01.2025), со финансиска поддршка од Европската Унија, дел од програмата за мали грантови на Тренинг Академијата за Новинари и Медиумски Работници – T-AJM. Проектот имаше за цел да изгради локални перспективи за европска интеграција и да придонесе кон развој на дигиталната писменост, етичкото информирање и стандардите за квалитетно новинарство во Струмичкиот микрорегион.

Дополнително, проектот беше насочен кон зајакнување на капацитетите на локалните медиумски организации, електронските портали, новинарите и редакциите во медиумите од Струмичкиот микрорегион, како и на национално ниво.

Се развија и имплементираа програми и кампањи за медиумска и дигитална писменост за крајните, директни корисници, особено во контекст на европските перспективи. Исто така, се едуцираа и оспособија граѓани – особено млади – за креирање локални перспективи за европска интеграција, преку стекнување конкретен сет на вештини и алатки.

Проектот се залагаше за зголемување на јавната свест преку вклучување на сите релевантни чинители и локални авторитети, и воспостави платформа за развој на локални перспективи за европска интеграција.

**Реализирани активности и настани кои ги спроведовме се:**

- **Одржана 1 координативна средба**, на која присуствуваа над **20 новинари, членови на организации и новинари-членови на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ)**.
- **Организирани две еднодневни обуки** со вклучување на двајца експерти, насочени кон **зајакнување на капацитетите на локалните медиуми, организации и новинари**. Вкупно учествуваа **45 учесници**.
- **Одржан дводневен семинар**, на кој присуствуваа **18 учесници**, со фокус на медиумски етика, учество и локален развој.
- **Спроведени кампањи и програми за медиумска и дигитална писменост**, со кои беа опфатени **над 10.000 локални жители** од различни општини.

- **Изработени 10 инфографици**, кои достигнаа публика од **вкупно 15.436 лица**, споделени преку социјални медиуми и дигитални платформи.
- **Изработен и дистрибуиран еден водич за справување со дезинформации и лажни вести**, во електронска и печатена форма (50 копии), специјално наменет за Струмичкиот микро-регион. Водичот беше дистрибуиран до медиумски куќи, новинари, граѓански организации, како и до следните училишта:
- Средни училишта: СОУ „Јане Сандански“, СОУ „Никола Карев“, СОУ „Димитар Влахов“
- Основни училишта: ОУ „Сандо Масев“, ОУ „Маршал Тито“, ОУ „Видое Подгорец“ и ОУ „Никола Вапцаров“
- **Одржани менторски сесии за 20 млади новинари**, кои стекнаа новинарски вештини, техники за презентација, аналитички и комуникациски способности, како и знаења поврзани со актуелните теми за Европската Унија.
- **Снимен серијал од пет дебати** со истакнати експерти, на следните теми:

    - **Епизода 1:** „Младите и Европската интеграција“ со Бојан Кордалов (експерт за комуникации)
    - **Епизода 2:** „ЕУ интеграција и безбедност – предизвици и перспективи“ со Александар Илиев
    - **Епизода 3:** „Зелени политики – предизвици и одржливи решенија“ со Арта Ќерими
    - **Епизода 4:** „Демократски вредности и ЕУ интеграција“ со Андреја Стојковски
    - **Епизода 5:** „ЕУ интеграција и младите“ со Александар Николовски

  Серијалот достигна публика од **над 200.000 луѓе** преку онлајн платформи.

- **Изработена платформата „ЕУ ОГЛЕДАЛО“**, дигитален алат за активно граѓанско учество и интеракција.
- **Одржан дводневен форум на тема „Негување на плурализам и етика во медиумите и новинарството“**, на кој беа идентификувани и анализирани **15 клучни приоритети** за подобрување на медиумската средина. Развиени беа **5 идеи за акциски планови** во следните области: Млади, Животна средина, Туризам, Технологија и дигитална трансформација, и Едукација и обука. Форумот вклучи **вкупно 20 учесници**.
- **Изработен финален извештај** од форумската сесија, кој ги опфаќа клучните дискусии, анализи, заклучоци и препораки, како и предложени акциски планови за унапредување на плурализмот и етиката во медиумите.

## 4. Зајакни ГО- Резилентни и инклузивни патеки за социјално претприемништво за младите преку градење капацитети на локални граѓански организации во Северна Македонија

Проектот со времетраење од 30 месеци (01.01.2024 – 30.06.2026), финансиски поддржан од Европската Унија, има за цел да ги зајакне локалните граѓански организации од осумте плански региони во Северна Македонија, со цел да придонесуваат активно во социо-економскиот развој. Ова се реализира преку унапредување на нивните компетенции за промовирање и поддршка на социјални претпријатија предводени од млади, кои ги зголемуваат економските можности за вработување.

Проектот, исто така, има за цел да ја промовира партиципативната демократија преку:

- **Зголемување на ангажманот и учеството на младите** во демократските процеси, особено во области релевантни за јавните политики, како што се: заштита на животната средина, вработување, социјална исклученост, сиромаштија, услуги за социјална заштита, јурисдикција, управување со јавниот сектор и одговорност.

- **Иновации во учеството**, преку промовирање добри практики на вклучување, консултации и активно учество на корисниците и засегнатите страни, вклучително и јавните институции.

- **Поттикнување на социјална кохезија**, преку создавање средина на соработка и меѓусебно разбирање меѓу различни групи.

- **Подобрување на јавните услуги**, преку директно решавање на локални проблеми и воведување иновативни решенија. Социјалните претпријатија предводени од млади го демонстрираат потенцијалот на партиципативниот пристап во управувањето и испораката на услуги.

**Реализирани активности и настани:**

- Мапирани и посетени над **25 граѓански (грасрут) организации**, од кои 6 се од Југоисточниот плански регион и 6 од Североисточниот плански регион, со идентификуван капацитет да станат локални центри за поддршка на социјалното претприемништво.

- Пристигнати и обработени над **10 прашалници** од локални грасрут организации, со цел анализа на нивните капацитети и потреби.

- Спроведена **медиумска кампања на социјалните медиуми**, која опфати публика од над **120.000 корисници**, со фокус на подигање на свеста за социјалното претприемништво и младинското учество.

## 5. Циклус на Грижа: Поддршка за Женското Здравје"

Проектот со времетраење од 12 месеци (01.10.2024 – 31.09.2025), со финансиска поддршка од **ДМ дрогерие маркт**, има за цел да го подобри менструалното здравје на жените и девојките во нашата заедница преку едукација и подигнување на свеста, со акцент на намалување на менструалната сиромаштија во **Југоисточниот плански регион**.Проектот е насочен кон подигнување на свеста за значењето на менструалното здравје, обезбедување на едукација за правилна менструална хигиена и намалување на стигмата поврзана со менструацијата. Неговото спроведување ќе има значително влијание врз подобрување на менструалното и репродуктивното здравје, како и врз промената на општествената перцепција за овие теми.Преку организирање на работилници и предавања, проектот овозможува дистрибуција на знаења за правилни хигиенски практики и справување со менструални проблеми, што ќе ја подобри способноста на учесничките да се грижат за своето здравје.Проектот исто така предвидува здравствена поддршка и советување преку едукативни активности и споделување на информации, со што ќе се овозможи навремено препознавање и адресирање на репродуктивни здравствени предизвици.Намалувањето на стигмата и табуата поврзани со менструацијата ќе се постигне преку кампањи за подигнување на свеста и јавни дискусии. Ова ќе придонесе за нормализирање на менструацијата како природен дел од женското здравје, и ќе ја зголеми општата информираност и разбирање за темите поврзани со менструално и репродуктивно здравје.Преку дистрибуција на едукативни материјали и ресурси, проектот ќе придонесе за промена на перцепциите и поттикнување на позитивни ставови кон овие прашања.Вклучувањето на заедницата во проектните активности ќе создаде поддржувачка средина за отворен разговор и разбирање на менструацијата и репродуктивното здравје, што ќе поттикне позитивни промени во ставовите и ќе ја зајакне одржливоста на проектот.Со реализацијата на овие активности, проектот ќе придонесе кон значително подобрување на менструалното и репродуктивното здравје и кон менување на перцепциите за овие клучни аспекти од здравјето на жените.

**Реализирани активности и настани досега:**

- Одржани се **7 едукативни работилници** во сите средни училишта од Југоисточниот плански регион, наменети за ученички, здравствени работници и наставници. Работилниците беа водени од двајца експерти – доктори, и опфатија вкупно **190 млади девојки**.
- Изработен и публикуван е **Извештај за резултатите од евалуацијата на едукативните работилници**, со вклучени препораки од самите учеснички.
- Започнато е **снимањето на подкаст-серијал „Поддршка на женското здравје“**, со цел креирање на информативна и достапна содржина која ќе го поддржи проектот и ќе допре до поширока публика.

## 6. Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Северна Македонија

Во рамките на проектот што започна во 2023 година (04.05.2023 – 30.04.2025), имплементиран од **Хелсиншкиот комитет за човекови права** и финансиски поддржан од **Европската Унија**, **Центарот за истражување и анализи НОВУС** од Струмица, како локален партнер, отпочна со активности за **мониторинг и пријавување на говор на омраза** на социјалните мрежи, традиционалните медиуми, како и следење и евидентирање на инциденти и случаи на говор на омраза и кривични дела од омраза во **Струмичкиот и поширокиот Југоисточен регион**.

Главната цел на проектот е **јакнење на ефективните механизми за заштита на правата на граѓаните во Република Северна Македонија**, особено при практикување на слободата на изразување и борбата против говорот на омраза, во согласност со **меѓународните и европските стандарди**.

Во изминатиот период,односно во текот на цела година:

- Регистриравме над **230 случаи на говор на омраза** на социјалните мрежи;
- Спроведовме **континуиран мониторинг** на говор на омраза во дигиталниот и традиционалниот медиумски простор;
- Ја информиравме јавноста за извршените активности и за конкретните случаи на говор на омраза, со цел подигање на свеста и охрабрување на граѓаните за пријавување.

## 7. Идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза

Проектот започна во 2023 ( 28.07.2023 – 28.07.2024 ) година, финансиски поддржан од **Австриската агенција за развој (ADA)** и **Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA)**.

Целта на проектот беше да се постави **функционална мрежа на граѓански организации во Југоисточниот плански регион**, која служеше за мониторинг и евалуација на работата на локалните самоуправи на **стандардизиран и усогласен начин**. Овој пристап создаде посилен ефект врз подобрување на животот на жените, особено на најранливите групи, преку **системска и одржлива интеграција на родовата перспектива** во сите фази на креирање политики и буџетски процеси.

Проектот, исто така, придонесе за намалување на **влијанието на животните трошоци врз родовата еднаквост** и овозможи **подобрување на животот и на жените и на мажите од ранливите категории** преку користење на **докажани практики за родово одговорно буџетирање**.

Дополнително, проектот:

- Изнајде решенија засновани на реалните потреби, идентификувани од самите корисници како активни чинители на промената;
- Обезбеди поддршка на граѓанските организации во нивните напори за следење и анализа на буџетските алокации и трошења од родова перспектива;
- Ги зајакна капацитетите за **собирање и анализа на родово-разделена статистика**, со цел креирање политики засновани на докази.

**Реализирани активности и настани во рамки на проектот:**

- Изработивме **еден извештај** од мониторингот и степенот на исполнетост на програмите за справување со кризи во општините од **Струмичкиот микро регион**.
- Изготвивме **три извештаи** од спроведени истражувања за **групи најизложени на ризик во услови на криза**, поделени во три категории:
    1. Здравствени услуги во услови на криза
    2. Луѓе од рурални средини во услови на криза
    3. Улогата на жената во услови на криза
- Подготвивме **детална анализа за социо-економските фактори во услови на криза** во Југоисточниот плански регион.
- Изработивме **10 инфографици** базирани на анализите, кои достигнаа публика од над **160.000 луѓе**.

- Организиравме **Први регионални дебати за идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза**, на кои присуствуваа **повеќе од 48 учесници**.
- Одржавме **Завршна конференција**, на која присуствуваа **над 40 лица**.

## 8. Зголемување вештини: Поврзување на младите со можностите!

Проект со времетраење од 12 месеци (01.08.2024 – 24.01.2025), финансиски поддржан од **Агенцијата за меѓународен развој на САД – УСАИД**, преку активностите на проектот **„Младите активно создаваат можности“ (YACO)**, финансиран преку програмата **„Унапредување на економиите за посилни заедници“ (IESC)**.

Главната цел на проектот е да ги **зајакне младите невработени лица од Струмичкиот микро-регион** и оние кои сакаат да се унапредат, преку стекнување на најзначајните **меки, дигитални и зелени вештини**, со цел **овозможување вработување** и **придонес кон економскиот развој на регионот**.

**Спроведени активности:**

- **Истражување на потребите –** анализа на пазарот во Струмичкиот микро-регион
- **Воспоставување на SkillsUprise Hub –** ко-воркинг простор со конференциски капацитети
- **Работилници за претприемништво –** програма за развој на претприемнички вештини
- **Кариерно советување –** насоки за развој на професионални вештини
- **Можности за стажирање –** практично искуство во реална работна средина
- **Настани за вклучување на заедницата –** предавања од успешни претприемачи

**Остварени резултати:**

- **Спроведено истражување со 180 субјекти** за поседување и потреба од меки, дигитални и зелени вештини кај младите (возраст 18–30 години)
- **Оспособени 61 млади лица** преку:
  - **4-дневни обуки за меки вештини**
  - **6-дневни обуки за дигитални вештини**
  - **3-дневни обуки за зелени вештини**
- **Вклучени 10 учесници** во **3-месечна менторска програма**
- **Обезбедена 2-месечна платена пракса** за **8 мотивирани учесници**
- **Организирани 6 претприемнички говори** од успешни претприемачи, со цел поттикнување на претприемничкиот дух

- **Реализирани 17 настани**, со вкупно **257 млади учесници** од Струмичкиот микро-регион

Како завршен чекор во рамки на проектот, ќе се организира **Саем за вработување**, кој ќе овозможи **директно поврзување на учесниците со потенцијални работодавачи** и дополнително ќе придонесе кон **економско оснажување на младите** во регионот.

## 9. Зајакнување на младите преку нови можности 2

Проектот е со времетраење од 24 месеци ( 15.03.2024 – 15.03.2026 ) , финансиски поддржан од два донатори – **германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (БМЗ)** и **СОС Детските села ширум светот, Фондација Херман Гмајнер Германија (ХГФД)**. **Се спроведува во пет земји од Западен Балкан од страна на Националните здруженија на СОС Детските села и е насочен кон унапредување на перспективите за вработување и активно учество на пазарот на трудот кај ранливи и социјално загрозени млади**.
Како регионален партнер на СОС Детско Село Северна Македонија, **Центарот за истражување и анализи НОВУС** активно работи на реализацијата на проектот, при што фокусот е ставен на:

Како регионален партнер на **СОС Детско Село Северна Македонија**, **Центарот за истражување и анализи НОВУС** активно работи на реализацијата на проектот, при што фокусот е ставен на:

- Да се одговори на потребите на младите кои растат во **алтернативна грижа** или доаѓаат од **семејства соочени со социо-економска исклученост**;
- Да се подобрат условите за **емпауермент**, **вработување** и **активно учество** на пазарот на трудот за ранливите млади;
- Да се зајакне соработката со **локални актери** кои работат со млади во социјален ризик, преку примена на **сеопфатна и ефективна методологија**;
- Да се зголеми свесноста кај **носителите на одлуки** за потребите на овие млади, со цел развој и имплементација на **стратегии за нивна поддршка**;
- Да се промовираат **младинските капацитети за застапување** и нивните **права за социо-економска интеграција и вработување**;
- Да се делува на намалување на **невработеноста кај младите** преку практични активности и формулирање на **препораки за креаторите на политики**.

**Области на соработка:**

- Спроведување активности за **унапредување на социо-економската интеграција** на **60 ранливи млади** од **Југоисточниот регион**, преку **програма за животни вештини и вработливост**;
- Размена на информации за **политички, економски и социјални промени**, најдобри практики и научени лекции;
- **Подигнување на свеста** кај јавноста и институциите преку редовен **јавен дијалог** и развој на **препораки за владина поддршка**;
- **Следење и евалуација** на активностите, резултатите и буџетот во согласност со проектниот план;

- Почитување на **меѓународни стандарди за проектно управување** – вклучувајќи финансирање, ревизија, набавки, комуникација, мониторинг, човечки ресурси и детска заштита;
- Интеграција на **стандарди за заштита на децата** во сите активности и услуги што се нудат.

**Реализирани активности и настани:**

- Организирана е **1 информативна сесија**, со цел информирање и мотивирање на младите за достапните можности;
- Одржани се **32 обуки за вработливост и развој на животни вештини**, прилагодени на реалните потреби на пазарот на трудот;
- Реализирани се **10 психосоцијални работилници**, посветени на теми поврзани со психолошка благосостојба, емоции и мотивација;
- **1 работилница** беше дел од **Младинскиот фестивал**, на кој присуствуваа **над 30 учесници**;
- **2 работилници** се спроведоа како **младински иницијативи за креативна работа**;
- Организирана е **1 филмска вечер со дискусија** по проекцијата.

Вкупно на сите активности учествуваа **310 млади луѓе**, што го покажува нивниот висок интерес и ангажман.

**Постигнувања:**

- **15 млади** се веќе **вработени**;
- Обезбедени се **3 курсеви за стекнување нови вештини**;
- **2 учесници** успешно започнаа **сопствен бизнис**.

## 10. НОВУС - Регионална канцеларија на националниот младиснки совет на Македонија Скопје (НМСМ) Спроведе повеќе програми од кои :

### I. Имплементација на мерките од Младинска Гаранција 2024

Програмата се реализираше во периодот од 17.02.2023 до 10.06.2024 година и беше финансиски поддржана од **Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) – Скопје**. Целта на програмата беше зголемување на информираноста кај младите за можностите што ги нуди програмата **„Младинска гаранција“**, вклучувајќи **вработување**, **доедукација** и **учество во активни програми**, со цел подобрување на нивната професионална вклученост и економска стабилност.

**Реализирани активности и постигнувања:**

- Беа ангажирани **5 теренски работници**;
- Беа **информирани 400 млади** лица за мерките предвидени во **Гаранција за млади**;
- Вкупно **105 млади** се регистрираа во Центрите за вработување при **Агенцијата за вработување на РСМ**;
- Беа **мапирани 20 позитивни примери** на млади кои успешно се регистрираа и се вклучија во некоја од мерките во рамки на програмата;
- Се организираа **10 отворени настани** за промоција на активните мерки за вработување.

## II. Женска креативна моќ

Програмата се реализираше во времетраење од 5 месеци ( 20.09.2024 – 31.01.2025 ) и имаше за цел **јакнење на жените и младите девојки од Струмичкиот микро-регион**, преку обезбедување на **практични вештини во различни занаети**, како и во **претприемништвото**, со што учесничките добија алатки што може да им помогнат да **започнат сопствен бизнис**.

**Реализирани активности и настани:**

- Се спроведе **онлајн кампања** за **промоција и подигнување на свеста**;
- Се организираа **4 едукативни работилници** за **поттикнување на креативноста и претприемачките способности** на учесничките, и тоа:
    1. Работилница за плетење;
    2. Работилница за изработка на природни сапуни;
    3. Работилница за изработка на свеќи;
    4. Работилница за развој на бизнис вештини и претприемништво;
- Се одржа еден завршен настан **– Новогодишна изложба на креативни производи**.

**Постигнувања:**

- На работилниците учествуваа **вкупно 168 жени и девојки**;
- На **Новогодишната изложба** учествуваа **повеќе од 25 изложувачи**, а ја посетија **над 200 посетители** од повеќе од **10** различни градови низ Македонија.

## III. „Разбивање на бариерите: Зајакнување на женското лидерство”

Програмата се реализираше во времетраење од **6 месеци**, од **октомври 2023 до март 2024**, и имаше за цел да ги **инспирира и поттикне младите девојки од средните училишта** да станат **самоуверени лидери**, обезбедувајќи им ги потребните **лидерски вештини**. Дополнително, проектот создаде **средина за поддршка**, каде младите девојки можеа да го развијат својот потенцијал, да ги **пробијат бариерите** и да **придонесат за унапредување на своите заедници** преку успешни приказни на **локални жени лидери**.

Преку овој проект беа **директно опфатени околу 180 млади девојки и жени од Југоисточниот регион**.

**Реализирани активности:**

- Се спроведе **онлајн кампања за промоција на целите на проектот**, која опфати **над 72.000 луѓе**;
- Се организираа **3 работилници за зајакнување на женското лидерство**;
- Се објавија **успешни приказни од жени лидери од Југоисточниот плански регион**, како дел од промоцијата на работилниците и **тркалезната маса**;
- Се реализира конференцијата **“RiseHER – Conference”** со учество на **жени лидери од регионот**.

**Финални активности:**

- Се организираше **аеробик час за грижа за себе**, со цел да се мотивираат и поттикнат младите девојки и жени **активно да инвестираат време во сопствената грижа за телото и умот**. Во рамки на оваа активност учествуваа **37 жени и девојки** од **Босилово и Струмица**, на посебно организирани аеробик часови.

## 11. Зајакнување на младите и младинските совети во Струмица и Босилово

Проект со времетраење од 5 месеци (20.08.2024 – 31.12.2024), спроведен со поддршка на **Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD)** во рамки на проектот **„Практикувај демократија“**, поддржан од **Британската амбасада во Скопје**. Целта на проектот беше да се зајакнат младите од Струмица и Босилово преку обезбедување алатки, знаења и самодоверба, за тие да бидат слушнати и да иницираат позитивни промени во своите заедници.

**Реализирани активности:**

- Организирани и одржани **4 средби** со претставници од општините Струмица и Босилово, на кои се дискутираа целите на проектот, планираните активности и очекуваните резултати. Средбите резултираа со официјална поддршка од општините за иницијативите предводени од младите, како и нивно учество во завршниот настан.
- **Спроведена анкета** со млади од Струмица и Босилово со цел да се идентификуваат клучните предизвици со кои се соочуваат. Анкетата беше дистрибуирана од двајца анкетари, следејќи методологија развиена од ангажиран експерт.
- **Изработена анализа** од страна на експертот врз основа на собраните податоци, со истакнати најитни прашања кои беа основа за натамошните активности за застапување.
- **Спроведени две работилници** за лобирање и застапување со Локалните младински совети во Босилово и Струмица, каде младите се запознаа со техники на застапување, развивање ефективни предлози и формулирање иницијативи базирани на податоците добиени од анкетите.
- Врз основа на добиените сознанија, секој Локален младински совет спроведе иницијатива од мал обем, насочена кон решавање на едно од клучните прашања идентификувани при проценката на потребите.
- **Организиран завршен настан** на кој младинските совети ги презентираа своите иницијативи и постигнатите резултати пред општинските власти, членови на заедницата и други засегнати страни.

**Постигнувања:**

- Со анкетата беа опфатени вкупно **112 млади лица**, од кои **87 од Струмица**, а **25 од Босилово**.
- Изработена е **една анализа** за идентификување на главните проблеми на младите во Струмица и Босилово.
- Одржани се **три настани** како иницијативи на младите, со вкупно присуство од **116 млади лица**.

## 12. „Градиме нови мостови“ - Младински меѓукултурен уметнички фонд„ - Поттикнување на меѓуетнички мостови“

Програма во времетраење од 12 месеци ( 14.02.2024 – 31.01.2025 ) односно Подкаст за младинска креативност и културен дијалог“ финансирана од **ОБСЕ – Мисија во Скопје** преку **Фондот за меѓукултурна младинска уметност**. Овој фонд има за цел да поттикне иницијативи кои ја промовираат културната разновидност и меѓуетничката соработка меѓу младите.Главната цел на проектот беше преку продукција на подкаст да се овозможи **простор за младинско креативно изразување**, со **фокус на промоција на дијалог, толеранција и меѓусебно разбирање**. Подкастот служеше како **дигитална медиумска алатка** што ги поврзува младите од различни заедници, ги поттикнува на културен дијалог и ги охрабрува активно да учествуваат во општествените процеси.

**Реализирани активности:**

- Се формираше **креативен тим** од двајца млади модератори од различни етнички заедници.
- Се работеше на развој на **концепт и сценарија** за епизодите.
- Се изработи **визуелен и технички идентитет** на подкастот.
- Се отворија профили на **Spotify**, **YouTube** и други социјални мрежи за дигитална промоција односно и на **Facebook**, **Instagram** и **TikTok.**
- Се сними серијал од епизоди за **“Vision of Voices”** со **влијателни и инспиративни гости** кои доаѓаат од различни културни и општествени средини, односно :
    - Епизода 1: Волонтирање на фестивали со Васил Поп Стојанов и Стефан Андонов
    - Епизода 2: Позади Басс жиците со Иван Кукич
    - Епизода 3: Приказните на еден бизнисмен – Шанер со Коста Караманолев сопственик на Крафтбар.
    - Епизода 4: Отворена дискусија со две искусни младински работнички – Марија Бандулова Тасева и Ана Клесова Велковска
    - Епизода 5: Пат до успехот со Тања Бркова, животен и бизнис тренер
    - Епизода 6: Пат околу светото: Од Шпанија и Америка до Претприемништво во Македонија со Кирил Панов
    - Епизода 7: Лична трансформација: Никогаш не е доцна да започнете одново со Данче Митева – психолог
    - Епизода 8: Дивизија : Ритамот на Струмица што го освојува Балканот со хип хоп групата Дивизија
    - Епизода 9: Младите и културата – поткаст со Танкица Стојанова – актер
    - Епизода 10: Бонус епизода – Што значи Vision of voices за нашите говорници?

**Постигнати резултати**

- Подкастот со наслов **„Vision of Voices“** успеа да достигне **над 250.000 корисници** преку онлајн платформите.
- Создадена е **мултикултурна медиумска платформа** која ја промовира младинската креативност и културна размена.
- Преку подкастот, младите добија простор да ги споделат своите перспективи и искуства, поттикнувајќи **инклузија, разбирање и соработка**.

## 13. Локална канцеларија на Младински образовен форум

**Центарот за истражување и анализа НОВУС (ЦИА НОВУС)** има воспоставено соработка со Здружението на граѓани „Младински образовен форум“ (МОФ) уште од 2022 ( 01.09. 2022-31.08.2025 ), и делува како **локална канцеларија**, во рамки на која е оформен **Локален младински центар на МОФ**. Во рамките на овој центар функционираат четири младински клубови:

- Клуб по дебата
- Клуб „Учиме право“
- Клуб за артивизам
- Клуб по новинарство

Во текот на 2024 година, реализирани се следните активности и настани:

- Организирање на низа кампањи, бреинсторминг сесии и процеси на регрутирање на млади;
- Спроведување на акција за подигнување на свеста за користење на зелени превозни средства под наслов: **„Вози велосипед – немаш планета пет“**, на која учествуваа над 50 млади лица;
- Одржување на **31 дебатен клуб** со вкупно 548 млади учесници;
- Одржување на **10 сесии во рамки на клубот „Учиме право“**, со вкупно 62 млади учесници;
- Одржување на **13 новинарски клубови** со вкупно 102 млади учесници;
- Организирање на **4 активности за медиумска писменост** со вкупно 30 млади учесници;
- Учество на тим од ЦИА НОВУС со **6 дебатери на Националното дебатно првенство**, при што тимот се пласираше во **четвртфиналето**.

## 14. Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“ – EduFinHub

Проект со времетраење од 26 месеци (01.07.2024 – 30.06.2026 ), е финансиски поддржан од **Цивика мобилитас** – проект на **Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија**, кој го спроведува **Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** во партнерство со **НИРАС** од Данска и **ФЦГ** од Шведска.

Главни цели на проектот се:

- Подобрување на нивото на **финансиска писменост кај младите лица**, со посебен фокус на ефективно управување со јавните и локалните финансии;
- Препознавање и превенција на појавите на корупција во процесот на управување со јавни финансии;
- Утврдување на тековната состојба со нивото на финансиска писменост кај младите во **Југоисточниот регион**;
- Развивање на ефикасна методологија за обука и едукација на млади лица;
- Подобрување на знаењата и унапредување на вештините кај младите во однос на финансискиот контекст и опкружување во Република Северна Македонија;
- Воспоставување на неформална мрежа – **регионален хаб** – составен од млади лица и други релевантни чинители од финансиската област, под името: **„Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот – EduFin Hub“.**

**Досега реализирани активности:**

- Организирана е **1 фокус група** на тема *„Финансиско знаење и вештини кај младите“*, со вкупно **22 учесници**;
- Спроведени се **4 интервјуа** во рамки на истражувањето за актуелната состојба со **финансиската писменост кај младите лица**.

## 15. Млади - агенти на промената – Youth – Agents of Change

Проектот, со времетраење од 24 месеци ( 01.03.2022 – 31.08.2024 ), се спроведуваше во партнерство со **ЦИД Куманово** и **Сојузот на извидници на Македонија**, паралелно во општините **Струмица**, **Куманово** и **Центар**.

Целта на проектот беше да се поттикнат **младинските иницијативи, активизмот и волонтерството** како клучни предуслови за подобрување на локалното владеење и зајакнување на сеопфатното и директно учество на граѓаните во процесите на локално одлучување.

Акцијата стремеше кон зголемување на младинскиот активизам преку волонтерски активности насочени кон обезбедување социјална инклузивност во локалните заедници.

**Крајни корисници на проектот беа:**

- Средношколци и студенти
- Младински активисти
- Млади жени
- Млади со попречености
- Млади со помалку можности
- Локални младински иницијативи и совети
- Членови на локалните заедници од општините Центар, Куманово и Струмица.

**Проектот ги адресираше следните специфични потреби:**

- Недостатокот од структурирана соработка помеѓу младинските активисти, волонтерите и општините;
- Недостатокот од специфични наставни програми, компетенции и вештини кај наставниците во средните училишта за поттикнување на младинскиот активизам преку неформално образование;
- Недоволните капацитети кај младите да влијаат врз работата на локалните власти, директно или преку младинските совети;
- Ниското ниво на јавна свест за влијанието на младинските иницијативи, активизмот и волонтерството во локалните заедници.

**Реализирани активности во текот на 2024 година:**

- Се организираа **три дополнителни настани**, од кои **еден се одржа во рамки на Фестивалот за млади**, со вкупно присуство на **над 85 лица**.

## 16. Промовирање на инклузија и толеранција преку меѓуверска соработка во Западен Балкан

Проектот, со времетраење од 12 месеци и финансиран од **Националниот Демократски Институт (NDI)**, имаше за цел да ја промовира **верската слобода** како основа за градење доверба, дијалог и толеранција меѓу различните заедници, со специфичен фокус на **зајакнување на младите**.

Преку поттикнување на меѓусебно разбирање и почитување на различните верувања, проектот настојуваше да создаде **инклузивни простори** во кои младите активно учествуваа во **меѓуверски дијалози**, **активности за соработка** и **кампањи за подигање на свеста**. Целта беше да се промовира **меѓуверски дијалог** меѓу младите од микрорегионот **Струмица**, да се поттикне разбирање и да се намалат предрасудите помеѓу различни верски и културни групи.

Проектот, исто така, се стремеше да ги подобри **вештините за лидерство и застапување** кај младите, овластувајќи ги да промовираат **верска слобода и толеранција** во нивните заедници, како и да создаваат **иницијативи и кампањи** предводени од млади кои ги адресираа стереотипите, градеа доверба и поттикнуваа соработка меѓу различни заедници.

**Реализирани активности и настани:**

- Се одржаа **две работилници за Не-дискриминација, Стереотипи и Религиска Толеранција**, на кои присуствуваа вкупно **40 млади** учесници.
- Беше организирана **проекција на филмот *SKIN***, кој ги истражува темите на предрасуди, насилство и влијанието на општествените стереотипи. Настанот го посетија **над 45 лица**.
- Се создаде **уметничка инсталација** како симбол на заедништво и хармонија, во чија изработка учествуваа **36 млади** луѓе.
- Се одржа настан во форма на **тркалезна маса за застапување**, на кој се дискутираше за улогата на младите во промоција на инклузивна и кохезивна средина. Присуствуваа **32 претставници** од подмладоци на политички партии, граѓански организации, Локалниот младински совет, Локалното собрание на млади, советници од Општина Струмица, членови од ЛЕР и службеничката за млади.

## 17. Партнерски Erasmus+ проекти и одбележување на Еразмус денови 2024

Центарот за истражување и анализа НОВУС ја доби акредитацијата Еразмус+ KA151-YOU – Акредитиран проект за мобилност на млади со времетраење од 01.06.2025 – 31.08.2026 (15 месеци), финансиран од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (MK01) со партнери од Романија, Италија, Франција и Шпанија, а размената ќе се одржи во Струмица од 01.04.2025 до 09.04.2025 година.

**Цели на проектот:**

- Унапредување на младинската работа во Европа
  Проектот има за цел да го подобри квалитетот на младинската работа преку соработка со искусни младински работници, дизајнирање на специјализирани обуки и промовирање на врсничко учење. Активностите вклучуваат обуки за стекнување вештини за водење и вклучување на младите во општествени процеси. Преку овие програми, младинските работници ќе бидат оспособени да обезбедат насока и поддршка, овозможувајќи значајно вклучување на младите во општеството. Со подобрување на нивните компетенции, тие ќе придонесат за позитивен социјален развој во своите заедници.
- Зајакнување на младинските совети во Европа
  Проектот цели да овозможи обуки за членови на младински совети од земјите-партнери, со фокус на развој на застапувачки вештини и ефективно младинско учество. Поддршката ќе вклучува: Идентификација на постоечки и потенцијални младински совети; Развивање на специјализирани програми за обука; Организирање младински размени за размена на знаење; Обуки за обучувачи Дополнително, проектот ќе обезбеди ресурси и поддршка за вмрежување, застапување и институционално препознавање на младинските совети.
- Промовирање на инклузивност и разновидност
  Преку младински размени и неформални образовни пристапи, проектот ќе создаде платформи за млади со помалку можности, овозможувајќи им пристап до нови искуства, простори и информации. Фокусот ќе биде ставен на иновативни, инклузивни и интерактивни методи, кои ќе ги поттикнат младите да се вклучат во учење, да ги надминат бариерите и да ја зајакнат својата улога во општеството. Размените ќе бидат дизајнирани со пристап кој го гарантира учеството на сите млади, без оглед на нивната социјална, економска или географска положба.
- Воспоставување на „NOVUS European Cooperation Network“
  Проектот предвидува формирање на мрежа на партнерски организации од Европа – NOVUS European Cooperation Network – која ќе претставува основа за формирање на конзорциуми за секоја наредна активност во рамки на акредитацијата. Преку оваа мрежа ќе се овозможи:Постојана соработка и синергија меѓу организации со

заеднички интереси; Заедничко аплицирање за ЕУ проекти; Размена на експертиза, искуства и ресурси; Поддршка за иновации и проширување на влијанието во младинскиот сектор.

Во текот на 2024 година, Центарот за истражување и анализа НОВУС беше дел од **вкупно 10 Еразмус+ програми**, од кои **7 беа младински размени**, а **3 тренинг курсеви**. На овие активности учествуваа **вкупно 40 млади лица** од Северна Македонија, кои имаа можност да стекнат нови знаења, интеркултурни искуства и вештини преку неформално образование и соработка со врсници од Европа.

**Младински размени:**

1. **Италија / Катанија –** 03.03 до 14.03.2024
2. **Италија / Мило, Катанија –** 06.07 до 14.07.2024
3. **Полска / Раксзава –** 15.07 до 25.07.2024
4. **Романија / Рамнику Сарат –** 18.07 до 29.07.2024
5. **Полска / Раксзава –** 01.08 до 11.08.2024
6. **Турција –** 25.08 до 01.09.2024
7. **Романија / Рамнику Сарат –** 13.09 до 22.09.2024

**Тренинг курсеви:**

1. **Романија / Рамнику Сарат –** 01.04 до 10.04.2024
2. **Грузија –** 06.04 до 12.04.2024
3. **Романија –** Октомври 2024

Преку учеството во овие активности, младите учесници стекнаа нови вештини во области како што се: тимска работа, културна размена, лидерство, комуникација, активизам и младинско учество. Активностите исто така придонесоа за вмрежување со млади и организации од повеќе европски земји и зајакнување на капацитетите на НОВУС како активен партнер во Еразмус+ програмата.

## 18. Youth HUB - Erasmus+ KA3

Проектот започна во **2023 година** и се спроведува во партнерство со организации од **Италија, Романија, Шпанија и Франција**, со времетраење до **2026 година**. Станува збор за иницијатива посветена на **младите**, спроведена со активен придонес од самите млади поединци. Проектот имаше за цел да ги обедини младите за да соработуваат и развиваат решенија за предизвиците со кои се соочуваат нивните заедници и светот во целина.
Во рамки на проектот беа воспоставени **физички и виртуелен простор** во кој младите се поврзуваа, споделуваа идеи и работеа заедно на значајни иницијативи. Преку обезбедување на ресурси и соодветна поддршка, проектот придонесе кон развој на **вештини, лидерски капацитети и мрежи** кои им овозможија на младите да имаат позитивно влијание врз своите заедници.

**Главни цели на проектот беа:**

- Поттикнување единство и одржливо младинско водство
- Создавање на младински центар
- Зајакнување на вештините за политичка анализа кај младите

**Реализирани активности и настани:**

- Беше организирана **една средба со партнерските организации**, на која се договорија следните чекори и динамиката на заедничка работа.
- Се реализираа **10 Youth Hub средби**, на кои учествуваа вкупно **200 млади лица**, кои активно дискутираа и придонесоа со идеи за развој на иницијативи релевантни за нивните локални средини.

## 19. Струмица YOUth Festival

Во чест на **Меѓународниот ден на младите**, во Струмица се одржа **третото издание на Youth Festival**, единствениот младински фестивал во Југоисточниот регион. Фестивалот собра над **500 учесници** – организатори, волонтери, музички бендови, панелисти, изложувачи, модератори и млади од различни градови: **Струмица, Скопје, Штип, Велес, Кавадарци и Гевгелија**.

Преку богата програма, фестивалот им овозможи на младите **да се вмрежуваат, да ги споделат своите идеи и да презентираат иницијативи што имаат позитивно влијание врз заедницата.**

**Во рамки на фестивалот се реализираа:**

- **Chill zone** која се состоеше од зона за друштвени игри, зона за ментално здравје, арт зона и натпреварувачки игри
- **Панел-дискусија „What does the community need?“**, со фокус на потребите на младите, нивната улога во заедницата, активизмот и волонтеризмот.
- **Thrift shop базар**, каде младите продаваа облека и на тој начин собираа средства за идни младински иницијативи.
- **Креативен базар**, со изложувачи на рачно изработени предмети: накит, фотографии, чорапи, плетени чанти и играчки.

Фестивалот претставува **пример за младинска енергија, ангажираност и соработка**, и е веќе препознаен како настан што **создава простор за гласот на младите да биде слушнат** и да доведе до вистински промени во заедницата.

Покрај активностите планирани и спроведени во рамки на проектната динамика, НОВУС во континуитет работи на развој и имплементација на дополнителни иницијативи со цел да одговори на интересите и потребите на младите, како и да ја зајакне нивната креативна, критичка и социјална ангажираност. Во текот на целата година , беа иницирани и реализирани неколку значајни активности:

- **Уметничкиот клуб** кој претставува иновативен креативен простор за младите, што им овозможува изразување преку различни уметнички медиуми и техники. Клубот е финансиран од страна на локалната заедница на Струмица, како дел од иницијативата **ReClothe**, при што средствата собрани од продажбатаот на облека во second-hand базарот беа наменети за поддршка на младински иницијативи
- **Клуб на читатили за Англиска литература**, реализиран во партнерство со **American Corner – Shtip**, има за цел да ги поттикне младите на критичко размислување преку читање и дискусија на англиска литература. Клубот функционира како платформа за младински дијалог, преку кој се отвораат теми од секојдневниот живот, се негува љубовта кон литературата и се унапредуваат комуникациските вештини на англиски јазик. Младите учесници активно разменуваат мислења и идеи, градејќи отворена и поддржувачка читателска заедница.
- **Филмските вечери** се редовна активност која има за цел преку филм како медиум да поттикне дискусија, критичко мислење и социјализација помеѓу младите. Изборот на филмови е внимателно селектиран за да опфати теми релевантни за младинскиот развој и социјалните прашања, овозможувајќи им на младите неформално учење и заедничка рефлексија во пријатна атмосфера.